Република Северна Македонија
ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА
Бр. 03-31/1
11.01. 2024 год.
БЕРОВО

Врз основа на член 193 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр 104/19), и член Статутот на Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа Берово бр.01-325/1 од 25.06.2019 година, Директорот на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа Берово објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
за формирање на Совет на корисници

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Берово, врз основа на член 14 од Статутот на Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа Берово објавува јавен повик за формирање совет на корисници.

Кандидатите треба да ги исполнуваатследните општи услови утврдени во член 14 став 1 од Статутот на Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа Берово според кој за член на Совет за корисници може да биде избрано лице:

- Корисник на права или услуги од надлежност на установата
- родител/старател на лице корисник на права или услуги од надлежност на установата
- лице кое не е осудено со правосилна судска пресуда
- лице на кое не му е одземено родителското право
- државјанин на Република Северна Македонија

При поднесување на апликацијата лицето односно кандидатот кое се јавува на јавниот повик треба да ги достави следните документи:

- потврда дека е корисник на право или услуга или потврда дека е родител или старател на лице корисник на права или услуги од надлежност на установата;
- потврда за неосудуваност ;
- потврда дека не му е одземено вршењето на родителското право;
- Кратка биографија;
- Мотивационо писмо;
- Државјанство.

Советот на корисници е составен од 5 до 7 члена.
Мандатот на членовите на Советот на корисници трае 4 години.
На член на Советот на корисници мандатот може да му престане и пред истекот, доколку го изгуби статусот на корисник на право или услуга од надлежност на установата и по лично барање.

Надлежности на Советот на корисници се:

- предлага програми за подобрување на работата и стандардите на установата
- предлага член на Управен одбор од редот на своите членови
- дава предлози и мислења до директорот и управниот одбор за други прашања што се од интерес за корисниците и установата.

Работата на Советот на корисници се регулира со Деловникот за работа на Советот на корисници.

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 5 дена сметано од наредниот ден од денот на објавувањето на јавниот повик (не сметајќи го денот на самото објавување).

ЈУ Меѓуопштински центар за
социјална работа Берово
Директор
Емилија Галабовска Биљарска